МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2015

**ОПШТИНА КАРПОШ**
ГРАДОНАЧАЛНИК

Број: 11-5612/6
Датум: 29.10.2020
Скопје

Врз основа на член 35 став 3 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18), Градоначалникот на Општина Карпош, го дава следното

## СООПШТЕНИЕ

За организирање на јавна презентација и јавна анкета за Локална урбанистичка планска документација за КП 1032/1, КО Бардовци, со намена А4-Времено сместување, Општина Карпош.

Јавната анкета за Локална урбанистичка планска документација за КП 1032/1, КО Бардовци, со намена А4-Времено сместување, Општина Карпош, ќе се одржи од 02.11.2020 година до 06.11.2020 година, секој работен ден, од 07.30 до 15.30 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Јавната презентација за Локална урбанистичка планска документација за КП 1032/1, КО Бардовци, со намена А4-Времено сместување, Општина Карпош, ќе се одржи на ден 04.11.2020 година во 13.00 часот, во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9).

Просторот за кој се одобрува Локалната урбанистичка планска документација се наоѓа надвор од Границите на ГУП на град Скопје (2012-2022) и надвор од и Урбанистички план за село Бардовци.

Предметниот локалитет се наоѓа на територијата на општината Карпош, во КО Бардовци, и истиот граничи со планскиот опфат на Урбанистички план за село Бардовци. Планскиот опфат ја опфаќа КП 1032/1. Вкупната површина опфатена во рамките на опишаните граници изнесува 0,24 ха или 2389,80м2. Пристапот во парцелата е овозможен од западната страна преку постоен некатегоризиран пат.

Анкетните листови за учество за Јавната анкета ќе се наоѓаат во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и на системот Е-Урбанизам.

Соопштението за организирање на јавната презентација и јавната анкета, графичкиот приказ за Локална урбанистичка планска документација за КП 1032/1, КО Бардовци, со намена А4-Времено сместување, Општина Карпош и подетални информации за истиите ќе бидат објавени на ВЕБ страната на Општина Карпош- www.karpos.gov.mk.

Во определениот рок, заинтересираните правни и физички лица, можат да доставаат забелешки на анкетни листови во просториите на Општина Карпош (Барака 2- ул. Радика бр. 9) и во електронска форма преку информацискиот систем Е-Урбанизам, согласно член 35 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен Весник на РМ" бр. 199/14, 44/15, 193/15, 31/16, 163/16, 64/18 и 168/18).

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ**
Стефан Богоев

STEFAN BOGOEV
Digitally signed by STEFAN BOGOEV
Date: 2020-10-29 14:51+01:00